АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА 2020 ГОДИНА

## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ ПЛАН ЗА АКЦИЈА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ 2018-2020

Оперативниот план за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) за спроведување на Националниот план за акција за родова еднаквост (НПАРЕ), е изготвен во согласност со потребата од операционализација на обврските на регулаторното тело предвидени во НПАРЕ 2018-2020, како и во Законот за еднакви можности на жените и мажите од 2012 година. Имено, овој закон предвидува Агенцијата на годишно ниво да изработи анализи за третманот на родовите прашања во програмите на радиодифузерите и еднаш годишно да поднесе извештај до Собранието на Република Македонија за начинот на претставување и прикажување на жените и мажите, и за родовите прашања во програмските концепти и содржини на радиодифузерите.

Следејќи ја логиката на разработка на стратешките цели во Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020 и во НПАРЕ 2018-2020, во Оперативниот план за 2020 година, за конкретните активности кои се во надлежност на АВМУ, се посочени посакуваните резултати и индикаторите за нивно мерење, соработниците при исполнувањето на обврските, временската рамка за нивно реализирање и изворите на финансирање.

Агенцијата е посочена како институција - носителка на активности во стратешката цел 3 - „Негување/Градење на култура на еднакви можности и промоција на еднаков третман и недискриминација врз основа на пол“, поспецифично во целите: „Унапредување на културата за родово сензитивно известување во медиумите“, „Унапредена родовата димензија во рамки на политиките и програмите на јавниот радиодифузен сервис“ и „ Зголемена свесност на општата јавност за постоењето на родовата дискриминација во медиумите“. Освен ова, Агенцијата е наведена како институција - соработничка во активности од стратешките цели: „Подигната јавна свест, изменета законска регулатива и зајакнати капацитети на професионалци кои работат со жени жртви на насилство и родово-базирано насилство“ (одговорна институција МОН) и „Унапредување на културата за родово сензитивно известување во медиумите“ во делот на организирањето обуки (одговорна институција МРТ).